При изработка на основните проекти, дозволено е усогласување со разработка на партерно и хортикултурно уредување, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% во рамки на градежните парцели, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на РСМ" број 11/18 и „Службен весник на РСМ" број 42/20).

3.4. ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНГРАСТРУКТУРИТЕ

3.4.1. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Не се доставени податоци за постојната хидротехничка инфраструктура од надлежното јавно претпријатие.
Со проектното решение, се врши разработка на планскиот опфат со површина од 8598 m^2, од кој плански опфат се формираат две градежни парцели и тоа Г.П._1.1.2 со површина од 5550 m^2 и Г.П._1.1.3 со површина од 3048 m^2, и сите постојни водови од хидротехничка инфраструктура ќе се надоградат со планирана хидротехничка инфраструктурна мрежа. За новопредвидените градби ќе се предвидат приклучни места за водоводна, фекална и атмосферска канализација.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во рамки на градежните парцели се предвидува приклучок на најблиската водоводна локална мрежа преку која предвидените градби ќе се снабдуваат со вода со ∅150 мм и доизградба на секундарна водоводна мрежа.

Системот на водоводна мрежа кој се предвидува да биде застапен, претставува прстенест тип, кој овозможува континуирано снабдување со вода на било кој корисник во мрежата. Поставувањето на водоводните линии ќе се одвива по пешачките патеки, со што ќе се овозможи несметано одржување на истите.

Мерењето на потрошената вода ќе се врши преку водомер сместен во водомерна шахта лоцирана во границите на локацијата (на влезот во објектот). Предвидени се површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот.

На растојание од минимум 5 m ќе биде поставен водоводен хидрант (надземни или подземни доколку условите не дозволуваат за надземни) кои ќе овозможат гаснење на евентуален пожар.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Одведувањето на фекалните и отпадните води од локалитетот ќе се прифаќаат и евакуираат во септичка јама или во најблискиот рецепиент.

До изведувањето на фекална канализација, одведувањето на фекалните и отпадните води од објектите лоцирани во границите на планскиот опфат ќе се врши преку фекална канализација од сепаратен систем.

Сите фекални и отпадни води ќе се прифаќаат и евакуираат во септичка јама со капацитет од 3 м^3 поврзан со водонепропусен бунар, лоциран во рамките на градежната парцела, кој треба да се изведе по важечките прописи и стандарди за изградба на соодветните видови објекти.

Целокупната фекална и отпадна вода преку планираната каналска мрежа гравитационо ќе се прифаќаат и евакуираат во септичка јама или во најблискиот рецепиент.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа со профили Ø300 мм.

ХИДРАНТСКА МРЕЖА

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект предвидена е надворешна хидрантска мрежа во склад со Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на РМ“ број 26/18).

Предвидената хидрантска мрежа е со прстенест систем на цевководи, со пречник Ø100mm.

На хидрантската мрежа се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø100 mm. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание не поголемо од 80 m.

Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот треба да изнесува најмалку 5 m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Внатрешната хидрантска мрежа во објектите ќе се решава во понатамошните фази, при изработка на основни проекти за градбите.

3.4.2. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА

Во однос на електротехничка инфраструктура, согласно информациите од надлежното јавно претпријатие, во непосредна близина на парцелата минува подземен нисконапонски вод – даден во прилог. Потребно е да се предвиди маркица за трансформаторска станица со подземен приклучен среднонапонски

вод, со обезбеден пристап со тешко товарно возило и излез на јавен пат за истата.

Податоците за постојната електроенергетската инфраструктура и супраструктура се добиени од ЕВН Електродистрибуција Скопје, доставени со нивниот допис „Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура".

Градбата од ГП_1.1.2 и градбата од ГП_1.1.3, ќе се приклучаат преку најблиската постојна електроенергетската мрежа согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на градби. Приклучувањето да биде од страна на стручните служби.

Согласно член 203 ст.1 од Законот за енергетика (Службен Весник на Република Македонија бр. 96/18), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија, или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

При изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Според информацијата од надлежното претпријатие „Македонски Телеком“ АД Скопје, во рамки на опфатот нема постојна МКТ инфраструктура.

Со проектното решение за новопредвидените градби треба да се предвидат приклучни точки за телекомуникациска инфраструктура. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект предвидени се траси за подземно водење на телекомуникациски кабли.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.
2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.
3. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект, се комплементарни на условите зададени со важечкиот Извод од План со бр. 102 - 11-06/102-2 од 30.05.2022 - ЛУПД: Локално урбанистичко-планска документација за објект со намена Г4 – Стоваришта на К.П. бр. 3128 КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, решение бр. 11-220/2 од 12.04.2021. КО: Глуво Бразда КП: 3128/1 и 3128/2 и тие единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот Извод од План.
4. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните површини за градење.
5. Проектниот опфат ја опфаќа катастарската парцела бр. 3128/1 и 3128/2 КО Глуво Бразда - Општина Чучер Сандево.
6. Со Урбанистичкиот проект се одредени:
- Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за формирање на две градежни парцели и тоа ГП_1.1.2 и ГП_1.1.3;
- Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
- Дефинирана е површина за градење ограничена со градежна линија;
- Максимално дозволена височина до хоризонтален венец на градбата, како и максимално дозволена катност;
- Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
- Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.
7. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:
- површина за градење со градежна линија,
- намена на градбата,
- нумерација на површината за градење,
- вкупна површина на градежна парцела,
- вкупна етажна површина за градење,
- максимална височина на градбата изразена во метри,
- максимален број на спратови,
- кота на нултата плоча,
- процент на изграденост на земјиштето,
- коефициент на искористеност на земјиштето,
- внатрешен и стационерен сообраќај,
- нивелманско решение
- партерно уредување со хортикултура,
- приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

8. Намената на градежните парцели се усогласени согласно Извод од План со бр. 102 - 11-06/102-2 од 30.05.2022 - ЛУПД: Локално урбанистичко-планска документација за објект со намена Г4 – Стоваришта на К.П. бр. 3128 КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, решение бр. 11-220/2 од 12.04.2021. КО: Глуво Бразда КП: 3128/1 и 3128/2 и истата е одредена како:

Г4 – СТОВАРИШТА

9. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
10. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
11. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
12. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
13. За новопредвидените градби дадени се коти на приземна плоча, изразена во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно проектираното нивелетско решение на внатрешното асфалтирано плато од каде се пристапува до градбите. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од овие зададени вредности (до ±30cm).
14. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
15. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
16. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежните парцели се решени во рамките на сопствените парцели.
Потребните број на паркинг места се задоволени со целосно почитување на одредбите од член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
17. Процентот на озеленетост во рамките на парцелите претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.
Со предлог партерното уредување на градежните парцели и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско и високо зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на озеленетост на градежните парцели. При изработка на основните проекти,

решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот мора да е минимум 20% во рамки на градежните парцели и под истиот не е предвидена градба, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РСМ бр. 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20). Процентот на озеленетост се дозволува да се надополнува со зеленило поставено на кровна површина воп смисла на кровна тераса и сл.
Оваа одредба станува составен дел на условите за градење.
18. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбата се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидената градба, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.
19. За градежната парцела ГП_1.1.2 и ГП_.1.1.3 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелите. Истото ќе се доразработи при изработката на основните проекти за градежните парцели, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбата од тие проекти.
20. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти за градежната парцела ГП_1.1.2 и ГП_1.1.3, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.
21. На кровните површини од градбите можно е поставување на фотоволтажни панели за делумно задоволување на сопствените електроенергетски потреби.
22. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
23. Комуналниот отпад – сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.
24. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РСМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Извод од План со бр. 102 - 11-06/102-2 од 30.05.2022.
25. Според Агенција за цивилно воздухопловство со допис бр. 12-8/1062 од 04.10.2022 предметниот опфат се наоѓа во зона на спортискиот аеродром Стенковец, на цца.1022м јужно од референтната точка, на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 363 мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид предходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 363мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Извоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголена од 15м.
2. Оџаци со височина поголема од 30м.
3. Ветерници
4. Други објекти со височина поголема од 100м.

потребно е до Агенција за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство.
(Службен весник на РМ бр. 48/2020 – пречистен текст).

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

ГРАДБА БРОЈ 1.1.2

- Градежната парцела бр. 1.1.2 на К.П. бр. 3128/2 со вкупна површина од 5550 m^2.
- Планираната површина за градење за градежната парцела е 3162 m^2.
- Градежната парцела е планирана со класа на намена Г4 - Стоваришта.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е 6324 m^2.
- Максималната височина на градбата до венец изнесува 10.0 m.
- Максимален број на спратови изнесува П+1К.
- Процентот на изграденост изнесува 57 %.
- Коефициентот на искористеност изнесува 1.1.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува 20%.
- Паркирањето на моторните возила ќе се дефинира со Основен проект согласно потребите на Инвеститорот, со овој урбанистички проект и со идеејниот проект обезбедени се 6 паркинг места во рамките на градежната парцела. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

ГРАДБА БРОЈ 1.1.3

- Градежната парцела бр. 1.1.3 на К.П. бр. 3128/1 со вкупна површина од 3048 m^2.
- Планираната површина за градење за градежната парцела е 1671 m^2.
- Градежната парцела е планирана со класа на намена Г4 - Стоваришта.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е 3342 m^2.
- Максималната височина на градбата до венец изнесува 10.0 m.
- Максимален број на спратови изнесува П+1К.
- Процентот на изграденост изнесува 55 %.
- Коефициентот на искористеност изнесува 1.1.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува 20%.
- Паркирањето на моторните возила ќе се дефинира со Основен проект согласно потребите на Инвеститорот, со овој урбанистички проект и со идеејниот проект обезбедени се 4 паркинг места во рамките на градежната парцела. Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела	Основа на класа на намена	Површина под објект	Катност	Висина до венец (m)	Бруто развиена површина (m^2)	Процент на изграденост %	Коефициент на искористност	Процент на озеленетост (m^2 / %)
1.1.2	5550 m^2	**Г4 - Стоваришта**	3162 m^2	П+1К	10.0 m	6324 m^2	57 %	1.1	1110 m^2 20 %

Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела	Основа на класа на намена	Површина под објект	Катност	Висина до венец (m)	Бруто развиена површина (m^2)	Процент на изграденост %	Коефициент на искористност	Процент на озеленетост (m^2 / %)
1.1.3	3048 m^2	**Г4 - Стоваришта**	1671 m^2	П+1К	10.0 m	3342 m^2	55 %	1.1	609.6 m^2 20 %

5. МЕРКИ

Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности,која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.
Заштитата на животната средина е регулирана со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија” број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 89/22). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот треба да одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната планска документација.

Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности завзема доминантно место во урбанизираниот дел на Градот и пошироко.
Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, реупотреба на вишокот земјен материјал од ископите и организирано управување со отпадот согласно законската регулатива.

Исто така, потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади и видови со висок биоакумулативен потенцијал кон потенцијалните загадувачи на воздухот.

Мерки за заштита на квалитетот на водите

Со цел да се спречи загадување на површинските води, отпадните води од новопредвидените градби треба да се одведуваат во градската канализациона мрежа.
Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиуми.
Се остава можност за реализација на пречистителна станица за евентуално пречистување на отпадните води од технолошкиот процес, доколку во постапката за реализација, се дојде до сознанија дека е неопходно прочистување на отпадните води од технолошкиот процес пред испуштање во реципиент.

Мерки за заштита на квалитетит на воздухот

Дрвјата во урбаната средина имаат значајна улога во намалувањето на локалната температура на воздухот. Во планскиот период потребно е да се стави акцент на зголемување на процентуалната покриеност на зелените површини со дрвја.
Намалувањето на температурата на воздухот преку озеленување на поголеми површини, ќе придонесе за намалување на енергетската потрошувачка за ладење на домовите во летниот период, што индиректно ја намалува и емисијата на загадувачи од постројките кои произведуваат енергија за ладење на домовите. При проектирање и реализација на новопредвидените содржини да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило.
Во урбаното подрачје на градот, во последно време се бележи присуство и на загадувачки материи во воздухот над максимално дозволените концентрации. Имајќи во предвид дека дрвјата и вегетацијата можат во голема мера да

придонесат за редукција на загадувањето на воздухот, преку абсорпција на присутните полутанти, се препорачува нивен соодветен избор при зазеленување на површините во границите на планскиот опфат. При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на евентуално присутните загадувачки материи.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина. Инвеститорите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилно да ги организираат градежните активности и да го почитуваат работното време. Во зоните со станбено домување, заштитното зеленило може да има значајна улога во намалување на загадувањето на воздухот но и во намалувањето на бучавата од околните сообраќајници.

Мерки за управување со отпадот

По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
Доколку со урбанизацијата на предметниот плански опфат се предизвика негативно влијание врз животната средина да се превземат мерки за заштита согласно Правилникот за мерките за ремедијација на сторена еколошка штета (“Службен весник на РМ”, бр 31/11).

Мерки за заштита на природни реткости и предели

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природни реткости. Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната рамнотежа во просторот.

Мерки за заштита и спасување

Во добиените Податоци за заштита и спасување бр. 14/6-156/2 од 06.10.2022 од Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение Чаир се дадени Мерки за заштита кои мора да бидат имплементирани во урбанистичкиот план.

Со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ бр 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), како и Законот за задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќии давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес. Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и соасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат

и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства

2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4. обезбедување на противпожарни пречки
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и
2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби. Во Деталниот урбанистички план опфатени се дел од предвидените урбанистичко- технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични запланскиот опфат, односно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување спасување и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. евакуација
9. згрижување на загрозеното и настраданото население
10. радиолошка, хемиска и биолошка заштита
11. прва медицинска помош
12. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
13. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

14. асанација на теренот

При понатамошната разработка на градежните парцели, како и при изработка на идејните и основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектот и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. весник на РМ бр. 105/05).

При изработка на планската документација треба да се почитувааат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ бр 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита оп пожари согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр. 231/2020).
Истотака потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 метри, а најмногу 80 метри.
Потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето согласно Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр. 231/2020).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер). Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање , изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.
При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето. Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва , јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон. Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција. Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата . Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.
Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 93/12).

Во рамките на двете градежни парцели се предвидени две засолништа во склоп на двете објекти, во подрумските простории.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување. Исто така при проектирањето треба да се предвидаат одредбите од Правилникот за мерки и заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр. 231/2020), како и обврската при изградба на објекти треба да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработка на планска документација да се предвидаат и пропишат мерките за заштита на поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на урбанистичка планска документација да се предвидат пропишаните мерки за заштита од пожари,експлозии и опасни материи согласно:Закон за заштита и спасување (“Сл.весник на РМ“ бр.93/12-пречистен текст), Законот за пожарникарството (“Сл.весник на РМ“ бр.55/13), Правилникот за мерките за заштита од пожари,експлозии и опасни материи(“Сл.весник на

РМ“ бр.32/11), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежни објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.94/09), Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (“Сл.весник на РМ“ бр.26/18), Правилник за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа (“Сл.весник на РМ“ бр. 26/18), Правилник за начинот на определување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари,другата противпожарна опрема,средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати,нивното одржување во исправна состојба,посебното обележување и достапност за употреба(“Сл.весник на РМ“ бр.74/06 и 76/07) и другите позитивни прописи кои ја регулираат оваа проблематика. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на територијалната противпожарна единица во град Скопје, би изнесувал од 20 до 25мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80 mm. На хидрантската водоводна мрежа

со минимален профил од Ø80 mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80 mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара. Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица. За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни средства и други експлозивни средства опфаќа пребарување и пронаоѓање на НУС,одбележување и обезбедување на теренот,онеспособување и уништување на сите видови НУС и други експлозивни средства,како и транспорт до определено и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот,согласно Стандардно оперативните процедури на Дирекцијата за заштита и спасување.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни

мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.
Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Заштита и спасување од урнатини

